**Изработувач** :

Комисија за урбанизам формирана од Градоначалник на Општина Битола

ОПШТИНА БИТОЛА

# АНАЛИЗА НА СТЕПЕН И НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПЛАНОВИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА БИТОЛА

**БИТОЛА, Декември 2021**

## ВОВЕД

Согласно одредбите на Член 22 од Законот за урбанистичко планирање ( Службен весник на РСМ 32/20), Општина Битола како донесувач на планот има обврска да направи анализа на степенот и начинот на спроведување и реализација на плановите по однос на релевантноста и ажурираноста на подлогите и податоците врз основа на кои се изработени и да ја утврди потребата за отпочнување постапка за изработка на нова документациона основа и нови проекции на потребите за просторен развој, односно постапка за изменување и дополнување на плановите. Согласно Чл. 38 став 8 анализата на степен и начин на спроведување на плановите ја врши Комисијата за урбанизам.

Анализата е изработена и конципирана согласно Член 18 став 6 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 225/20 и 219/21)

Цел на анализата е добивање преглед за состојбите во просторот, како предуслов за изградба на стратегии за планирање правилни мерки за одржлив развој на општината.

Со увидот во предметната документација, искуството од примената на истата и направената анализа на степенот и начинот на реализација на Генералниот урбанистички план на град Битола (трети поголеми измени и дополнувања) Комисијата за урбанизам го констатира следното:

## 1. АНАЛИЗА НА РЕЛЕВАНТНОСТА И АЖУРИРАНОСТА НА ПОДЛОГИТЕ И ПОДАТОЦИТЕ

- **ГУП на град Битола**

Генералниот урбанистички план на град Битола (трети поголеми измени и дополнувања) како основен развоен документ со концепт за просторната организација на градот е усвоен на седница на Советот на Општина Битола од 27.09.1999 година.Планскиот период на важечкиот ГУП на град Битола е 1999-2009 година.
Генералниот урбанистички план е изработен за урбано подрачје на градот со површина на плански опфат од 2245 ха. Планот не е изработен во дигитална форма и на ажурирана геодетска подлога геореференцирана во просторот, границата на планскиот опфат не е опишана по катастарски парцели и не е геореференцирана во просторот.

За ГУП на град Битола се донесени десет измени и дополнувања во 2005, 2006, 2007, 2008, 2009 и 2011 година. Измените на ГУП не се изработени во дигитална форма, со исклучок на измените од 2009 и 2011 година кои се изработени во дигитална форма но не се геореференцирани.
За планот не се изработени: хидролошка студија за регулација на водотеците во границата на планскиот опфат,сеизмолошка студија, а изработената сообраќајна студија е потребно да се ревидира и усогласи со актуелната законска регулатива.
Во ГУП на град Битола не се имплементирани парцијалните измени на планот и донесените урбанистички планови за ДУП АРМ Четврт 1, 2 и 3.

Актуелниот Генерален урбанистички план е работен врз анализи кои не кореспондираат со времето во кое се применува (20 години подоцна). Конкретно, истиот е димензиониран за демографска состојба различна од денешната, сообраќајни потреби различни од денешните, сопственички односи различни од денешните, стандарди на живеење и работа различни од денешните, општествено-

социјални состојби различни од денешните итн. Покрај разликите во потребите, актуелниот ГУП се темели на регулатива, стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кои се неприменливи во современиот контекст.

Методолошкиот пристап врз основа на кој е изработен актуелниот Генерален урбанистички план претставува висок стандард за планскиот период за кој е изработен, но неприменлив во современата ера на брз и прецизен проток на информации.

**Со други зборови, основниот развоен документ на градот е во голем расчекор со целите за одржлив развој и останатите глобални развојни документи во сферата на урбанистичкото планирање, неминовни во секое современо општество, за какво што се декларира нашето.**

| ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН И ИЗМЕНИ НА ГУП | | | |
|---|---|---|---|
| **Р.бр.** | **Наслов на Документација/План** | **Донесен** | **Забелешка** |
| 1. | ГУП – Град Битола | 1999 г. | |
| 2. | ГУП - Стопански комплекс н.м. Секирани и н.м. Драгожани м.в. Дрим | 2005 г. | |
| 3. | ГУП – Урбан Блок – 2 ( Измени и дополнувања ) | 2006 г. | |
| 4. | ГУП - Урбан Блок А ( Измени и дополнувања) | 2006 г. | |
| 5. | ГУП – Урбан Блок – 1 ( Измени и дополнувања ) | 2007 г. | |
| 6. | ГУП – Блок 3 ( Измени и дополнувања ) | 2007 г. | |
| 7. | ГУП - Детал 5 – Дулие ( Измени и дополнувања ) | 2008 г. | |
| 8. | ГУП - Блок 5 ( Измени и дополнувања ) | 2008 г. | |
| 9. | ГУП – Урбана четврт нови градски гробишта ( измени и дополнувања ) | 2009 г. | |
| 10. | ГУП – Блок 6 ( измени и дополнувања ) | 2011 г. | |

- **Детални урбанистички планови**

Со увид во донесените детални урбанистички планови констатирано е дека во границите на ГУП на град Битола се донесени 104 урбанистички планови, од кои 64 се донесени на подлоги кои не се дигитални а 34 планови се донесени во периодот пред донесување на ГУП на град Битола во 1999 година.

На 26.5 % од површината на ГУП на град Битола воопшто не е донесен детален урбанистички план.

| ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Р.бр.** | **Наслов на Документација/План** | **Донесен** | **Забелешка** |
| 1. | ДУП - Населба Бактериолошка 1 и 2 | 1975 г | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 2. | ДУП - Населба „Буковски ливади 2 дел„ | 1975 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 3. | ДУП - Станбена заедница „Даме Груев„ | 1975 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 4. | ДУП - Урбанистичка единица „Поранешно Стрелиште" | 1977 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 5. | ДУП - Брусничко лавчански реон 1 дел | 1977 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 6. | ДУП - Брусничко лавчански реон 2 дел | 1977 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 7. | ДУП - Брусничко лавчански реон 3 дел | 1977 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 8. | ДУП - Брусничко лавчански реон 4 дел | 1977 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 9. | ДУП - Станбена заедница бр. 1 | 1979 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 10. | ДУП - Месна заедница „Горно Оризари 2 дел„ | 1981 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 11. | ДУП - Населба „Буковски ливади 3 дел„ | 1982 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 12. | ДУП - Централно градско подрачје 1 дел | 1983г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 13. | ДУП - „Станбена заедница бр. 4 М.З. „ Ѓорѓи Наумов – Битола | 1985 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 14. | ДУП - Северна станбена зона – „Баир„ | 1985 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 15. | ДУР - „Спортско рекреативен центар бр. 1„ | 1988 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 16. | (Измена и дополнување) на дел од ДУП за населба „Буковски ливади 2 дел„ - Битола | 1988 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 17. | ДУП - Урбанистичка единица бр. 6 и 7 | 1989 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 18. | ДУП - Урбанистичка единица бр. 8 | 1989 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 19. | ДУП - Централно градско подрачје 2 дел | 1989 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 20. | ДУП - Локалитет „Стрчин„ | 1989 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 21. | ДУП - Месна заедница „Елпида Караманди„ | 1989 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 22. | ДУП - Локалитет „Довлеџик„ | 1990 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 23. | ДУП - Локалитет „Буковски мост„ | 1990 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 24. | ДУП -Урбанистичка единица бр. 5 | 1990 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 25. | ДУП - Комплекс на сервиси и мало стопанство во западниот дел од потесното градско подрачје | 1992 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 26. | ДУП - (измени и дополнувања) за „Станбените заедници бр. 4 и 2„ на деловите наменети за РЕОНСКИ ЦЕНТАР „ЗАПАД" | 1993 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 27. | ДУП - Работна зона „БОРИМЕЧКА„ | 1993 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 28. | ДУП - Станбена заедница - Девеани | 1993 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 29. | ДУП - „Североисточна станбена зона" | 1994 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 30. | ДУП - 2 дел комплексот на сервиси и мало стопанство во западниот дел од потесното градско подрачје – Битола | 1995 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 31. | ДУП – Населба „Ушици I дел„ | 1995 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 32. | ДУП - Населба „Горно Оризари I дел„ | 1996 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 33. | ДУП - Дел од градска работна зона северно од патот - Битола – село Новаци | 1996 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 34. | ДУП - сервиси „Буковски мост I„ | 1996 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 35. | ДУП - (измени и дополнувања) на населба „Ушици 1 дел„ – новопредвиден дел – | 1998 г. | ПРЕД ИЗРАБОТКА НА ГУП НА ГРАД БИТОЛА |
| 36. | ДУП - Централно градско подрачје 3 дел | 2004 г. | |
| 37. | ДУП - Централно градско подрачје 4 дел | 2004 г. | |
| 38. | ДУП – Станбена заедница 1 Модул 1 | 2005 г. | |
| 39. | ДУП – Урбанистичка Единица бр. 6 и 7 – Урбан Блок А | 2005 г. | |
| 40. | ДУП – Станбена заедница бр. 6 и 7 – Урбан Модул 2 | 2005 г. | |
| 41. | ДУП – Јени Мале 2 дел | 2005 г. | |
| 42. | ДУП – Северо-источна Станбена зона – Урбан Блок А | 2005 г. | |
| 43. | ДУП – Урбанистичка Единица - Боримечка | 2005 г. | |
| 44. | ДУП – Урбанистичка Единица бр.5 – Урбан Модул 1 | 2006 г. | |
| 45. | ДУП – Горно Оризари 2 Дел – Модул 1 | 2006 г. | |
| 46. | ДУП – Брусничко Лавчански реон 1 дел Урбан Модул 1 | 2006 г. | |
| 47. | ДУП – Карпош Модул А | 2007 г. | |
| 48. | ДУП – Месна Заедница Даме Груев – Урбан Блок 18 | 2007 г. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 49. | ДУП – Работна зона - Боримечка – Урбан Модул 1 | 2007 г. | |
| 50. | ДУП – Станбена заедница бр. 4 и 2 – Блок 1 | 2007 г. | |
| 51. | ДУП – Ушици – Блок 5 | 2008 г. | |
| 52. | ДУП – Урбан Блок 2 - Оризари | 2008 г. | |
| 53. | ДУП – Дел од Градски С.Р.Ц. бр. 1 – Блок 1 | 2008 г. | |
| 54. | ДУП - Брусничко Лавчански реон 1 дел Урбан Блок 3 | 2008 г. | |
| 55. | ДУП – Урбана Единица бр. 6 и 7 – Урбан Блок 5 | 2008 г. | |
| 56. | ДУП - Брусничко Лавчански реон 4 Дел Урбан Блок 2 | 2008 г. | |
| 57. | ДУП – Урбанистичка Единица бр. 5 – Блок 4 | 2008 г. | |
| 58. | ДУП – Блок А – Довлеџик кај Базените | 2008 г. | |
| 59. | ДУП – Централно градско подрачје 2 дел – Модул 3 | 2008 г. | |
| 60. | ДУП – Централно Градско подрачје 5 дел – Урбан Модул 2 | 2008 г. | |
| 61. | ДУП – Горно Оризари 1 Дел – Блок 4 | 2009 г. | |
| 62. | ДУП - Брусничко Лавчански реон 4 Дел Урбан Блок 1 | 2009 г. | |
| 63. | ДУП – Урбанистичка единица бр. 8 – Урбан Блок 3 | 2009 г. | |
| 64. | ДУП – Станбена Заедница бр. 8 – Блок 5 | 2009 г. | |
| 65. | ДУП - Централно градско подрачје 2 дел – Урбан Блок 4 | 2009 г. | |
| 66. | ДУП – Централно Градско подрачје 4 дел – Урбан Блок 4 ( измени и дополнувања ) | 2009 г. | |
| 67. | ДУП – Урбанистичка Единица Поранешно Стрелиште - Блок 1 | 2009 г. | |
| 68. | ДУП – Урбан Блок 19 | 2009 г. | |
| 69. | ДУП – Локалитет Тумбе Кафе | 2009 г. | |
| 70. | ДУП – Централно Градско подрачје 2 дел – Урбан Блок 2 | 2010 г. | |
| 71. | ДУП – Централно Градско подрачје 3 дел – Урбан Блок 17 | 2010 г. | |
| 72. | ДУП – Централно Градско подрачје 4 дел – Урбан Блок 13 ( измени и дополнувања ) | 2010 г. | |
| 73. | ДУП – Централно Градско подрачје 4 дел – Урбан Блок 10 ( измени и дополнувања ) | 2010 г. | |
| 74. | ДУП – Комплекс Болници | 2010 г. | |
| 75. | ДУП – А.Р.М. Четврт 1 , 2 и 3 | 2010 г. | |
| 76. | ДУП – Урбана четврт 17 | 2010 г. | |
| 77. | ДУП – Централно Градско подрачје 3 дел – Блок 14 ( измени и дополнувања ) | 2011 г. | |
| 78. | ДУП – Централно Градско подрачје 3 дел – Блок 10 и 16 ( измени и дополнувања ) | 2012 г. | |
| 79. | ДУП - Брусничко Лавчански реон | 2012 г. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 1 Дел Блок 4 | | |
| 80. | ДУП – Централно Градско подрачје 3 дел – Блок 10 и 16 ( измени и дополнувања ) | 2012 г. | |
| 81. | ДУП – Станбена заедница Даме Груев – Блок 17 | 2012 г. | |
| 82. | ДУП – Индустриска зона Блок Млекара | 2012 г. | |
| 83. | ДУП – Дел од градска работна зона северно од патот Битола-Новаци – Блок 1 | 2012 г. | |
| 84. | ДУП – Индустриски Блок Југ | 2012 г. | |
| 85. | ДУП – Урбана Четврт – Локалитет Француски гробишта – Блок 1 | 2012 г. | |
| 86. | ДУП - Брусничко Лавчански реон 1 Дел Блок 4 | 2012 г. | |
| 87. | ДУП – Станбена Заедница Даме Груев – Урбан Блок 17 | 2012 г. | |
| 88. | ДУП – Буковски Ливади - 2 Дел – Блок 1 | 2012 г. | |
| 89. | ДУП – Тумбе Кафе – Блок 1 ( измени и дополнувања ) | 2012 г. | |
| 90. | ДУП – Централно градско подрачје 1 дел – Блок 1 | 2013 г. | |
| 91. | ДУП – Централно Градско подрачје 5 дел – Блок 4 | 2013 г. | |
| 92. | ДУП – Централно градско подрачје 1 дел – Блок 1 | 2013 г. | |
| 93. | ДУП – Буковски Мост – Сервиси и мало стопанство – 1 Дел | 2013 г. | |
| 94. | ДУП – Урбана Четврт – Локалитет Француски гробишта – Блок 2 | 2013 г. | |
| 95. | ДУП – Станбена заедница бр. 4 – М.З. Ѓорѓи Наумов – Блок 1 | 2013 г. | |
| 96. | ДУП – Станбена 1 Модул 1 Блок 1 | 2014 г. | |
| 97. | ДУП – Реонски С.Р.Ц. Довлеџик – Блок 1 | 2014 г. | |
| 98. | ДУП – Станбена 1 Модул 1 Блок 1 | 2014 г. | |
| 99. | ДУП – Реонски С.Р.Ц. Довлеџик – Блок 1 | 2014 г. | |
| 100. | ДУП – Централно Градско подрачје 4 дел – Урбан Блок 12 ( измени и дополнувања ) | 2014 г. | |
| 101. | ДУП – Нови градски гробишта – Блок 1 | 2014 г. | |
| 102. | ДУП – Буковски Мост – 2 Дел – Блок 1 | 2015 г. | |
| 103. | Детален урбанистички план на дел од Градска Работна Зона северно од патот Битола-с.Новаци - Блок 1 (изменување и дополнување) | 2018 г. 09-513/18 | Е-УРБАНИЗАМ |
| 104. | ДУП за Станбена заедница бр.4 и 2, Реонски центар Запад - Блок 1 - Општина Битола измени и дополнувања | 2018 г. | Е-УРБАНИЗАМ |

- **Урбанистичка документација за села во Општина Битола**

Со увид од планската документација поврзана со планирањето на селата констатирано е дека од вкупниот број на села во Општина Битола (65) на сила се Општи акти за 19 села (Лавци, Брусник, Канино Барешани, Породин, Олевени, Граешница, Драгош, Рамна, Лисолај, Острец, Братиндол, Кишава, Меџитлија, Лера,Лопатица, Велушина, Ѓавато, Буково)

Донесен е УПС за село Долно Оризари, и УП за село Кукуречани Блок 1 (измени и дополнувања).

За селата Нижеполе и Дихово во тек е изработката на УП за села.

- **Општи акти**

| ОПШТИ АКТИ ЗА СЕЛО | | | |
|---|---|---|---|
| **Р.бр.** | **Наслов на Документација/План** | **Донесен** | **Забелешка** |
| 1. | ОА - Лавци | 2015 г. | |
| 2. | ОА - Брусник | 2015 г. | |
| 3. | ОА - Рамна | 2015 г. | |
| 4. | ОА - Канино | 2015 г. | |
| 5. | ОА - Барешани | 2015 г. | |
| 6. | ОА - Олевени | 2015 г. | |
| 7. | ОА - Граешница | 2015 г. | |
| 8. | ОА - Острец | 2015 г. | |
| 9. | ОА - Лисолај | 2015 г. | |
| 10. | ОА - Драгош | 2015 г. | |
| 11. | ОА - Кишава | 2016 г. | |
| 12. | ОА - Меџитлија | 2016 г. | |
| 13. | ОА - Велушина | 2016 г. | |
| 14. | ОА - Лера | 2016 г. | |
| 15. | ОА -Братиндол | 2016 г. | |
| 16. | ОА - Лопатица | 2016 г. | |
| 17. | ОА - Породин | 2017 г. | |
| 18. | ОА - Ѓавато | 2017 г. | |
| 19. | ОА - Буково | 2017 г. | |

- **Урбанистички планови за село (УПС)**

| УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО | | | |
|---|---|---|---|
| **Р.бр.** | **Наслов на Документација/План** | **Донесен** | **Забелешка** |
| 1. | УПС – Долно Оризари | 2020 г. | |
| 2. | УП – Кукуречани Блок 1 (измени и дополнувања) | 2010 г. | |

- **Урбанистички планови за вон населено место**

| УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО | | | |
|---|---|---|---|
| **Р.бр.** | **Наслов на Документација/План** | **Донесен** | **Забелешка** |
| 1. | УПВНМ – Спортско рекреативен комплекс Крклино | 2006 г. | |
| 2. | УПВНМ – Стопански комплекс Мала Тумба - Дихово | 2007 г. | |
| 3. | УПВНМ – Горни Чаир - Логоварди | 2007 г. | |
| 4. | УПВНМ – Хотелски комплекс Меџитлија КО. Породин | 2008 г. | |
| 5. | УПВНМ – Фабрика за млеко и млечни производи "Црвеник" - Братиндол | 2009 г. | |
| 6. | УПВНМ – Стопански комплекс мв. Лауф Штали Кременица | 2009 г. | |
| 7. | УПВНМ – Фабрика за масло - мв. Винарски пат | 2009 г. | |
| 8. | УПВНМ – мв. Чакал - Нижеполе | 2009 г. | |
| 9. | УПВНМ – Стопански комплекс Ореј - Дихово | 2009 г. | |
| 11. | УПВНМ – Авто салон регионален пат Р-416 Битола - Кичево | 2010 г. | |
| 12. | УПВНМ – Меџитлија – Граничен премин | 2010 г. | |
| 13. | УПВНМ – Винарски пат К.П. 558/1 - Лисолај | 2010 г. | |
| 14. | УПВНМ – Јужна индустриска зона Жабени (измени) | 2011 г. | |
| 15. | УПВНМ – Повеќе наменска зона К.О. Буково | 2012 г. | |
| 16. | УПВНМ – Туристичка населба Нижеполе м.в. Чакал | 2012 г. | |

## 2. АНАЛИЗА НА ПРОЦЕНТОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОВИТЕ ВРЗ ОСНОВА НА ИЗДАДЕНИТЕ АКТИ ЗА ГРАДЕЊЕ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД НИВ

- **Процент на реализација на ГУП**

Од донесените детални урбанистички планови во границите на ГУП, (104 планови) произлегува процентуална реализација на генералниот урбанистички план од 68%.

За 32% од опфатот на ГУП на град Битола не е реализиран со ДУП, од кои 5,5% припаѓаат на просторите со зелени заштитни појаси а 26,5% е остатокот на нереализиран ГУП од кој поголем дел се однесува на источниот дел во границите на ГУП за кој планираната намена е индустрија.

Просторот за кој во границите на ГУП не се изработени детални урбанистички планови Согласно графичкиот прилог Поделба на ГУП на реони, четврти и блокови( донесен со Одлука бр. 08-1297/34 од 30.12.2019) е дефиниран во границите на блоковите на западниот, јужниот и источниот реон и тоа:

- Реон Запад , Блокови 3.02.01, 3.02.02, 3.15.01, 3.13.01,

- Реон Југ , Блокови Ј.03.07, Ј.03.08, Ј.04.01, Ј.04.04, Ј.07.05,

- Реон Исток , Блокови И.01.01, И.02.01, И.02.02, И.04.01, И.04.02, И.04.03, И.06.01, И.06.02, И.06.03, И.07.01, И.07.02, И.07.03, И.08.01, И.08.02, И.10.02, И.12.03, И.12.04, И.13.01,
- И.13.02, И.13.03, И.13.04, И.14.01, И.14.02, И.15.01,(ДУР) И.15.02, И.15.03, И.15.04,(ДУР)

- Реон Север , Блокови С01.01, С02.01, С05.03, С05.04, С07.01, С05.03, С05.04, С07.01, С08.05, С09.01




Сл.1 Означени простори во опфат на ГУП за кои не се изработени ДУП




Сл.2 Детал 1 -Означени простори за кои се изработени урбанистички проекти

## 4. АНАЛИЗА НА НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ

**Спроведување на ГУП**

Генералниот урбанистички план се спроведува со

- 104 донесени урбанистички планови

**Спроведување на ДУП**

- Деталните урбанистички планови се спроведуваат со издавање на одобренија за градење. Ва тековната 2021 година од 268 барања за издавање одобрение за градба, 27 барања за издавање одобренија за изградба на нови објекти а останатите се барања за издавање на одобренија за градба на објекти со измени во тек на градба, реконструкција и адаптација, доградба и надградба и изградба на нови објекти по претходно рушење на постоечките, како и инфраструктурни објекти.

## 5. АНАЛИЗА НА ПРОГРАМСКИТЕ ПОТРЕБИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Потребите за просторен развој произлегуваат од анализата на просторот и можностите за планирање согласно начелата за одржлив развој при изработка на урбанистичката документација, актуелните потреби на граѓаните на општината.

## 6. ДЕТЕКЦИЈА НА АСПЕКТИ И ПРОСТОРИ СО ПРОБЛЕМИ ВО ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ

- **Простори во границите на ГУП**

Простори за кои се воочени проблеми во просторниот развој се простори за кои не се изработени урбанистички планови (во југоисточниот дел со намена индустрија) и простори (во централното градско подрачје) за кои има донесено урбанистички планови кои не се реално спроведливи.

- **Простори надвор од границите на ГУП**

Простори за кои се воочени проблеми во просторниот развој се подрачјата на населени места – села за кои нема урбанистичка документација, односно истата со измена на Законот за урбанистичко планирање престанала да важи.

Со најавената измена на Законот за урбанистичко планирање, за 7 села ( Трново, Магарево, Кравари, Логоварди, Поешево, Раштани и Крклино) ќе се применуваат изработените Општи акти. Села за кои е воочена потреба од приоритетна изработка на урбанистички планови (УП) за село се 4 села (Бистрица, Кажани, Кукуречани и Цапари).

## 7. ПРЕПОРАКИ ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗРАБОТКА НА НОВИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ИЛИ ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ

Од анализата на релевантноста се утврдува потреба и се препорачува изработка на:

- ГУП на град Битола со кој ќе се се постигне рамнотежа помеѓу ограничувањата на постојната состојба и документација со актуелните промени и потреби и предлагање на реални и спроведливи решенија кои ќе ги поттикнат квалитетните промени во просторот и се претпоставка за реализација на истите.

- Детални урбанистички планови за

  - простори во рамките на опфатот на генералниот урбанистички план за кој досега не се изработени детални планови
  - за простори за кои се донесени детални урбанистички планови пред донесување на ГУП на град Битола (1999 година)
  - за простори за кои се донесени детални урбанистички планови изработени по надмината регулатива и методологија и кои не содржат потребни урбанистички параметри за спроведување на планот

- Урбанистички планови за села

- За селата за кои не е донесена урбанистичка документација

КОМИСИЈА ЗА УРБАНИЗАМ

Валентина А. Кривашија, диа ( член) ____________

Мирјана Николовска, диа ( член) ____________

Марија Зарова Силјановска ( член) ____________

Натали Ташевска Гулевска, диа (надв.член) ____________

Благојче Цветковски, диа (надв.член) ____________

Христијан Атанасовски, диа ( член) ____________

Весна Јурак, диа ( член) ____________

Славчо Димовски, диа ( член) ____________

Снежана Б. Василевска, диа (надв.член) ____________

Маријана Стефановски, диа (надв.член) ____________